**Првенец на генерација**

**<u>I КРИТЕРИУМ</u>**

А) Континуиран одличен успех од IV - IX одд. – 10 бода
Б) Примерно поведение од VI-IX одд. -5 бода
В) Најмал број оправдани изостаноци во 9 одд. плус 2 бода
Г) Учество во слободни ученички активности и додатна настава.
Г1) За секоја секција за која кандидатот ќе приложи препорака од предметниот наставник дека редовно ја посетувал и постигнал некаков успех-2 бода Доказ за секое учество е писмена препорака од одговорниот наставнак на слободните ученички активности, за што и самиот наставник има доказ.
Г2) За додатна настава за која кандидатот ќе приложи препорака од предметниот наставник дека редовно ја посетувал и постигнал некаков успех-2 бода Доказ за секое учество е писмена препорака од одговорниот наставнак на слободните ученички активности, за што и самиот наставник има доказ.
Д) За одговорна улога во ученички организации (Детска организација, Ученичка заедница и Подмладок на Црвен Крст, Ученички парламент)-2 бода Доказ за секое учество е писмена препорака од одговорниот наставнак на споменатите организации за што и самиот наставник има доказ.
Ѓ) Учество во литературни и ликовни конкурси, смотри, училишни приредби,хуманитарни, културно уметнички, општествено корисни активности, проекти, медиумска афирмација на училиштето - 2 бода
Доказ за секое учество е писмена препорака од одговорниот наставнак на споменатите активности, за што и самиот наставник има доказ
* Наставникот , препораките ги докажува пред Комисијата.
Е) Училишни натпревари:
1) Учество и награди на училишни натпревари на ниво на самото училиште, кои се организирани по сите правила и прописи кои ги бара МОН, согласно неговиот Правилник за организација и реализација на училишни натпревари и за тоа има соодветна документација и доказ од страна на наставниците кои ги организирале натпреварите во самото училиште.

**<u>II Критериум</u>**

**А) Учество и награди на индивидуални натпревари од здруженија акредитирани од страна на МОН**
**Б) Учество и награди на групни натпревари од здруженија акредитирани од страна на МОН**
**В) Учество и награди на индивидуални неакредитирани натпревари, музички натпревари, ликовни натпревари, литературни, драмски, рецитаторски натпревари и техничко творештво, кои го промовираат училиштето**
**Г) Учество и награди на групни неакредитирани натпревари, кои го промовираат училиштето**

**III Критериум:**

Јавно гласање на Одделенско совет за IX одд/наставници кои предаваат во IX одд.
(1) Секој наставник на одделенскиот совет има право да гласа само за еден од кандидатите, како и обврска да даде кусо образложение за мотивите, посебните таленти и заслуги на ученикот, заради што го дал својот глас за кандидатот.
(2) Јавно дадениот глас од секој наставник, како и неговото кусо образложение за мотивите, посебните таленти и заслуги на ученикот, влегуваат во записникот на Наставничкиот совет, како и во записникот на комисијата за целиот тек на изборната постапка.

- **Табеланиот приказ за бодирањето преставено во горенаведениот правилник,ќе бидат преставени во делот Прилози ,во склоп на Годишната програма на училиштето**

**Правилник**

за избор на првенец на генерација, пофалена паралелка, наградени ученици, пофалени ученици и пофалено одделение

учебна 2025/2026 год.

*Изработил*
*Зорка Христова Трајкова- наставник ментор*
*Марија Кацарева-педагог*

*в.д. Директор*
*Орце Трајанов*

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

ООУ „Крсте Петков Мисирков"- Радовиш со овој правилник сака да го стимулира посебното напредување, залагање, успехот во учењето, претставувањето на училиштето на општински, градски, регионални и државни натпревари, како и учеството на ученици, односно паралелки во хуманитарни, културно уметнички и општествено корисни активности кои се организираат во училиштето во една учебна година

### I.1. Пофалби и награди

Член 2

Учениците од училиштето кои се истакнуваат со својата работа и поведение можат да бидат пофалени и наградени

Член 3

Пофалбите и наградите се доделуваат на ученик, група ученици, ученичка секција, екипа, паралелка и одделение во текот и на крајот од учебната година

Член 4

Ученикот се пофалува и наградува за: - континуирано залагање и напредување во наставата - залагање и постигнат успех во слободните ученички активности - залагање и постигнат успех во додатна настава - учество во натпревари, ликовни, литературни и други наградни конкурси, изложби и сл. - примерно поведение, позитивно однесување, развивање другарство, помагање на соучениците, почитување на наставниците и вработените во училиштето - редовност во извршувањето на обврските - залагање и придонес во разновидни активности во училиштето и локалната средина.

Член 5

Пофалби и награди се доделуваат на: - паралелка која посебно се истакнува со успех, поведение и редовност во извршувањето на училишните обврски - група, секција или екипа која постигнала особени резултати - паралелка, група или секција која постигнала најдобри резултати во одредени активности организирани во училиштето и надвор од него (општествена, хуманитарна, културна и сл.) - одделение кое посебно се истакнува со успех, поведение и редовност во извршувањето на училишните обврски

Член 6

Предлог за пофалби и награди дава одделенски наставник, предметен наставник, одделенски раководител, раководител на паралелка/класен раководител, стручна служба, одделенски совет

Член 7

(1) Критериумите за избор на првенец на генерација, наградени ученици и пофалени ученици се исти
(2) По критериумите за првенец на генерација и наградени ученици се номинираат и бодираат ученици од IX одделение во тековната учебна година
(3) По критериумите за пофален ученик се номинираат и бодираат учениците кои посетуваат настава од VI до IX одделение.
(4) Предлагачот на ученик е должен покрај името на ученикот да даде и кусо образложение за мотивите, посебните таленти и заслугите на ученикот
(5) Со примената на одредбите на овој Правилник се постигнува поголема објективност при номинацијата и изборот на ученик на генерацијата и пофалени ученици, наградени ученици, како и при избор на пофалено одделение и пофалена паралелка.

Член 8

Пофалбите се доделуваат усно и писмено Писмената пофалба се дава во вид на дипломи, пофалници и признанија. Наградите се даваат во вид на одредени вредности што одговараат на нивната педагошка намена (книги, билети за филмски и театарски престави и друг вид културно уметнички манифестации)

Член 9

Доделувањето на пофалбите и наградите се врши на свечен начин на 24 Мај - Денот на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј или на некој друг празник , но и на крајот од наставната година или учебната година или кога тоа ќе го дозволат условите

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### II. 1. Првенец на генерација

Член 10

Од редот на ученици кои го завршуваат основното образование (деветто одделение) училиштето може да избере ученик кој ќе биде првенец на генерација.

Член 11

Постапката за избор на првенец на генерација почнува да тече по објавувањето на интерниот училиштен конкурс кој се истакнува на огласната табла во училиштето и на веб страната на училиштето. Конкурсот по правило се истакнува во второто полугодие и задолжително ги содржи критериумите дадени во член 20 и 21 на овој правилник.

Член 12

Право да номинираат ученик за првенец на генерација и наградени ученици има раководител на паралелка, кој води деветто одделение, наставник кој предава во деветто одделение, стручен соработник или наставник во одделенска настава кој им предавал на учениците кои се деветто одделение во тековната учебна година

Член 13

За првенец на генерација може да се кандидира и ученикот самоиницијативно

Член 14

Секој предложен или кандидиран ученик е должен до комисијата за пофалби и награди да поднесе пријава и соодветна документација предвидена со конкурсот

Член 15

Номинирањето на ученици за избор на првенец на генерација, наградени и пофалени ученици се врши на редовните состаноци на Одделенскиот и Наставничкиот совет во текот на учебната година

Член 16

(1) Бодирањето по критериумите за избор на првенец на генерација го врши трочлена комисија која ја предлага и избира Наставничкиот совет од своите редови. Комисијата ја сочинуваат: - еден стручен соработник - еден предметен наставник, кој не е раководител на паралелка - еден одделенски наставник
(2) Бодирањето по критериумите е составен дел од овој правилник и е даден во член 21, и како прилог
(3) Бодирањето по критериумите за наградени и пофалени ученици се врши од страна на одделенскиот раководител/раководител на паралелката и се потврдува на Одделенски совет

Член 17

(1) Во работата на комисијата учествува по еден ученик од секоја паралелка од деветто одделение, како преставник на Ученичката заедница/Ученички парламент на училиштето. Ученикот кој учествува во работата на комисијата не смее истовремено да е кандидат за првенец на генерација
(2) Учениците ја следат работата на комисијата
(3) Предлозите и забелешките од страна на учениците се дел од записникот на комисијата.

Член 18

Комисијата од член 16 став 1, ја разгледува приложената документација на пријавените кандидати, ги применува одредбите од членовите 20 и 21 на овој правилник, изготвува бодовна листа, утврдува предлог за првенец на генерација и предлогот со бодобната листа го доставува до Наставнички советја доставува до Наставничкиот совет.

Член 19

Одлуката за првенец на генерација ја донесува Наставничкиот совет на крајот на наставната година

Член 20

(1) За првенец на генерација, паралелка може да биде прогласен ученик кој се истакнал со посебното напредување, залагање, успехот во училиштето, претставувањето на училиштето на општински, градски, регионални, државни и меѓународни натпревари, екстерни или интерни конкурси, проекти како и учество на хуманитарни, културно уметнички и општествено корисни активности како и активно учество во ученичките организации.
(2) За пофалено одделение важи се она што е наведено во став (1) од овој член.
(3) Изборот за пофалено одделение го врши Наставничкиот совет, врз база на предлогот даден од одделенски совет.
(4) За пофалена паралелка важи се она што е наведено во став (1) од овој член.
(5) Изборот за пофалена паралелка го врши Наставничкиот совет, врз база на предлогот даден од одделенски совет.

Член 21

(1) Секој критериум што го исполнува кандидатот за првенец на генерација- деветто одделение, комисијата за пофалби и награди го вреднува според бодовна листа за пофалби и награди за избор на првенец на генерација, пофалени и наградени ученици
(2) Критериуми за избор на првенец на генерација, наградени и пофалени ученици, се

**I КРИТЕРИУМ**

А) Континуиран одличен успех од IV - IX одд. – 10 бода
Б) Примерно поведение од VI-IX одд. -5 бода
В) Најмал број оправдани изостаноци во 9 одд. плус 2 бода
Г) Учество во слободни ученички активности и додатна настава.
Г1) За секоја секција за која кандидатот ќе приложи препорака од предметниот наставник дека редовно ја посетувал и постигнал некаков успех-2 бода Доказ за секое учество е писмена препорака од одговорниот наставнак на слободните ученички активности, за што и самиот наставник има доказ.
Г2) За додатна настава за која кандидатот ќе приложи препорака од предметниот наставник дека редовно ја посетувал и постигнал некаков успех-2 бода Доказ за секое учество е писмена препорака од одговорниот наставнак на слободните ученички активности, за што и самиот наставник има доказ.
Д) За одговорна улога во ученички организации (Детска организација, Ученичка заедница и Подмладок на Црвен Крст, Ученички парламент)-2 бода Доказ за секое учество е писмена препорака од одговорниот наставнак на споменатите организации за што и самиот наставник има доказ.

Ѓ) Учество во литературни и ликовни конкурси, смотри, училишни приредби,хуманитарни, културно уметнички, општествено корисни активности, проекти, медиумска афирмација на училиштето - 2 бода
Доказ за секое учество е писмена препорака од одговорниот наставнак на споменатите активности, за што и самиот наставник има доказ
* Наставникот , препораките ги докажува пред Комисијата.
Е) Училишни натпревари:
1) Учество и награди на училишни натпревари на ниво на самото училиште, кои се организирани по сите правила и прописи кои ги бара МОН, согласно неговиот Правилник за организација и реализација на училишни натпревари и за тоа има соодветна документација и доказ од страна на наставниците кои ги организирале натпреварите во самото училиште.

| Натпревар | Училишен |
|---|---|
| Учество со пофалница | 0.5 |
| Освоено 3 место | 1 |
| Освоено 2 место | 1,5 |
| Освоено 1 место | 2 |

**<u>II Критериум</u>**

**А) Учество и награди на индивидуални натпревари од здруженија акредитирани од страна на МОН**

| Натпревар | општински | регионален | државен | меѓународен |
|---|---|---|---|---|
| Учество со пофалница | 4 | 6 | 8 | 10 |
| 3 место | 8 | 12 | 16 | 20 |
| 2 место | 12 | 18 | 24 | 30 |
| 1 место | 16 | 24 | 32 | 40 |

**Б) Учество и награди на групни натпревари од здруженија акредитирани од страна на МОН**

| Натпревар | општински | регионален | државен | меѓународен |
|---|---|---|---|---|
| Учество со пофалница | 2 | 4 | 6 | 8 |
| 3 место | 2.5 | 4.5 | 6.5 | 8.5 |
| 2 место | 3 | 5 | 7 | 9 |
| 1 место | 3.5 | 5.5 | 7.5 | 9.5 |

**В) Учество и награди на индивидуални неакредитирани натпревари, музички натпревари, ликовни натпревари, литературни, драмски, рецитаторски натпревари и техничко творештво, кои го промовираат училиштето**

| Натпревар | општински | регионален | државен | меѓународен |
|---|---|---|---|---|
| Учество со пофалница | 2 | 4 | 6 | 8 |
| 3 место | 4 | 6 | 8 | 10 |
| 2 место | 6 | 8 | 10 | 12 |
| 1 место | 8 | 10 | 12 | 14 |

**Г) Учество и награди на групни неакредитирани натпревари, кои го промовираат училиштето**

| Натпревар | општински | регионален | државен | меѓународен |
|---|---|---|---|---|
| Учество со пофалница | 1 | 3 | 5 | 7 |
| 3 место | 1.5 | 3.5 | 5.5 | 7.5 |
| 2 место | 2 | 4 | 6 | 8 |
| 1 место | 2.5 | 4.5 | 6.5 | 8.5 |

**III Критериум:**

Јавно гласање на Одделенско совет за IX одд/наставници кои предаваат во IX одд.
(1) Секој наставник на одделенскиот совет има право да гласа само за еден од кандидатите, како и обврска да даде кусо образложение за мотивите, посебните таленти и заслуги на ученикот, заради што го дал својот глас за кандидатот.
(2) Јавно дадениот глас од секој наставник, како и неговото кусо образложение за мотивите, посебните таленти и заслуги на ученикот, влегуваат во записникот на Наставничкиот совет, како и во записникот на комисијата за целиот тек на изборната постапка.

Член 22

На ученикот кој е избран за првенец на генерација му се доделува Пофалница, на стандарден училишен образец, потпишана од директорот на училиштето и една книга од училиштето

Член 23

На учениците кои се избрани за првенци на паралелка им се доделува Пофалница на стандарден училишен образец, потпишана од директорот на училиштето и една книга од училиштето

Член 24

На ученикот кој е избран за првенец на генерација му се дава пригодна награда по избор на училиштето

Член 25

На учениците кои се избрани за наградени и пофалени ученици им се доделува по една Пофалница на стандарден училишен образец, потпишана од директорот на училиштето и една книга од училиштето

Член 26

На сите пофалници и книги, кои се награди, се запишува на кого се доделува со впишување на цело име и презиме на ученикот, одделението и паралелката во кое учел, учебната година како и причината за која е доделена наградата. На сите Пофалници се става деловоден број и округли печат на училиштето.

Член 27

На истиот начин се регистрираат сите награди кои во текот на учебната година ги дава училиштето на училишни натпревари, интерни конкурси по повод денот на училиштето, значајни датуми, акции и сл.

Член 28

(1) Пофалено одделение е она кое има највисок среден успех на квалификациониот период на учебната година ( прво тримесечие, полугодие, трето тримесечие, крај на наставната/учебната година), а во кое не се изречени педагошки мерки за неоправдани изостаноци или непримерно однесување за било кој ученик.
(2) Во случај на изедначеност по претходните критериуми, пофалено е она одделение, кое има помал број на неоправдани изостаноци на квалификациониот период од учебната година.
(3) На пофаленото одделение му се врачува Пофалница пополнета со називот на одделението, учебната година и наведената причина за доделувањето
(4) За пофалена паралелка важи истото што и за пофалено одделение
(5) На сите Пофалници се става деловоден број и округли печат

Член 29

Сите награди ги врачува директорот на училиштето, на денот на издавање на сведителствата на учениците лично, а на пофаленото одделение како и на пофалената паралелка , во текот на учебната година, по квалификационите периоди (тримесечие, полугодие или крај на наставната година) или кога за тоа ќе се создадат услови.

**III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 30

Резултатите од изборот на ученик на генерација и пофалени ученици се соопштува на Наставничкиот совет од страна на Претседателот на комисијата.

Член 31

Наставничкиот совет го потврдува изборот на ученик на генерацијата и пофалени ученици со одлука.

Член 32

Учениците кои не се прворангирани можат да поднесат приговор до Училиштниот одбор во рок од 3 дена од усвојувањето на изборот на ученик на генерацијата и пофалени ученици од страна на Наставничкиот совет.

Член 33

Училиштниот одбор го разгледува приговорот и дава одговор по истиот во рок од 5 дена.

Член 34

Одредбите на членот 7 став (3) , членот 16 став (3) , членот 21, став (1) во прв критериум, под точка (А) и под точка (Б), од овој Правилник, како и промената во прв критериум под точка (А) и под точка (Б) во самиот Прилог, ќе започнат да се применуваат од учебната 2022/2023 година.

Член 35

Овој Правилник го донесува Наставничкиот совет, а влегува на сила со денот на донесувањето
(2) Критериумите и образецот во кој се внесуваат бодовите, согласно критериумите за првенец за избор на генерација, наградени и пофалени ученици се и Прилог на овој Правилник

ПРИЛОГ ______________20____година

Образец за бодување

Учениик: ________________________________________________________

Одделение и паралелка: ____________________________________________

Учебна година: ___________________________________________________

Бодовна листа за пофалби и награди за избор на првенец на генерација, пофалени и наградени ученици Критериуми за избор на првенец на генерација, наградени и пофалени ученици се:

**I КРИТЕРИУМ**

А) Континуиран одличен успех од IV - IX одд. – 10 бода
Б) Примерно поведение од VI-IX одд. -5 бода
В) Најмал број оправдани изостаноци во 9 одд. плус 2 бода
Г) Учество во слободни ученички активности и додатна настава.
Г1) За секоја секција за која кандидатот ќе приложи препорака од предметниот наставник дека редовно ја посетувал и постигнал некаков успех-2 бода Доказ за секое учество е писмена препорака од одговорниот наставнак на слободните ученички активности, за што и самиот наставник има доказ.
Г2) За додатна настава за која кандидатот ќе приложи препорака од предметниот наставник дека редовно ја посетувал и постигнал некаков успех-2 бода Доказ за секое учество е писмена препорака од одговорниот наставнак на слободните ученички активности, за што и самиот наставник има доказ.
Д) За одговорна улога во ученички организации (Детска организација, Ученичка заедница и Подмладок на Црвен Крст, Ученички парламент)-2 бода Доказ за секое учество е писмена препорака од одговорниот наставнак на споменатите организации за што и самиот наставник има доказ
Ѓ) Учество во литературни и ликовни конкурси, смотри, училишни приредби,хуманитарни, културно уметнички, општествено корисни активности, проекти, медиумска афирмација на училиштето - 2 бода
Доказ за секое учество е писмена препорака од одговорниот наставнак на споменатите активности, за што и самиот наставник има доказ.
* Наставникот , препораките ги докажува пред Комисијата.
Е) Училишни натпревари:
1) Учество и награди на училишни натпревари на ниво на самото училиште, кои се организирани по сите правила и прописи кои ги бара МОН, согласно неговиот Правилник за организација и реализација на училишни натпревари и за тоа има соодветна документација и доказ од страна на наставниците кои ги организирале натпреварите во самото училиште.
1. ) Учество и награди на училишни натпревари на ниво на самото училиште, кои се организирани по сите правила и прописи кои ги бара МОН, согласно неговиот Правилник за организација и реализација на училишни натпревари и за тоа има соодветна документација и доказ од страна на наставниците кои ги организирале натпреварите во самото училиште

**Табела за впишување бодови за кандидатот согласно зададената табела за бодирање за училишни натпревари**

| Натпревар | училишен |
|---|---|
| Учество со пофалница | |
| 3 место | |
| 2 место | |
| 1 место | |

**II Критериум**

**А) Учество и награди на индивидуални натпревари од здруженија акредитирани од страна на МОН, кои го промовираат училиштето**

**Табела за впишување бодови за кандидатот бодови за кандидатот согласно зададената табела за бодирање за учество и награди на индивидуални натпревари од здруженија акредитирани од страна на МОН, кои го промовираат училиштето**

| натпревар | општински | регионален | државен | меѓународен |
|---|---|---|---|---|
| Учество со пофалница | | | | |
| 3 место | | | | |
| 2 место | | | | |
| 1 место | | | | |

**Б) Учество и награди на групни натпревари од здруженија акредитирани од страна на МОН, кои го промовираат училиштето**

**Табела за впишување бодови за кандидатот учество и награди на групни натпревари од здруженија акредитирани од страна на МОН, кои го промовираат училиштето**

| натпревар | општински | регионален | државен | меѓународен |
|---|---|---|---|---|
| Учество со пофалница | | | | |
| 3 место | | | | |
| 2 место | | | | |
| 1 место | | | | |

**В) Учество и награди на индивидуални неакредитирани спортски натпревари, музички натпревари, ликовни натпревари, литературни, драмски, рецитаторски натпревари и техничко творештво, кои го промовираат училиштето**

**Табела за впишување бодови за кандидатот учество и награди на индивидуални неакредитирани спортски натпревари, музички натпревари, ликовни натпревари, литературни, драмски, рецитаторски натпревари и техничко творештво, кои го промовираат училиштето**

| натпревар | општински | регионален | државен | меѓународен |
|---|---|---|---|---|
| Учество со пофалница | | | | |
| 3 место | | | | |
| 2 место | | | | |
| 1 место | | | | |

**Г) Учество и награди на групни неакредитирани натпревари, кои го промовираат училиштето**

**Табела за впишување бодови за кандидатот учество и награди на групни неакредитирани натпревари, кои го промовираат училиштето**

| натпревар | општински | регионален | државен | меѓународен |
|---|---|---|---|---|
| Учество со пофалница | | | | |
| 3 место | | | | |
| 2 место | | | | |
| 1 место | | | | |

**III Критериум:**

Јавно гласање на Одделенско совет за IX одд/наставници кои предаваат во IX одд.

(1) Секој наставник на одделенскиот совет има право да гласа само за еден од кандидатите, како и обврска да даде кусо образложение за мотивите, посебните таленти и заслуги на ученикот, заради што го дал својот глас за кандидатот.

(2) Јавно дадениот глас од секој наставник, како и неговото кусо образложение за мотивите, посебните таленти и заслуги на ученикот, влегуваат во записникот на Наставничкиот совет, како и во записникот на комисијата за целиот тек на изборната постапка.

• Плус ______ бода од јавното гласање на Одделенскиот совет.

Вкупно бодови I Критериум _____________ II Критериум _____________ III Критериум _____________ Вкупно бодови :______________

Членови на комисијата:

1. _______________________________________________

2. _______________________________________________

3. _______________________________________________

Ученици од ученичката заедница:

1. _______________________________________________

2. _______________________________________________

3. _______________________________________________

4. _______________________________________________

Овој Правилник стапува во сила со денот на донесувањето.

Директор
Орце Трајанов